Влада на Република Северна Македонија

**<u>Н А Ц Р Т</u>**

# З А П И С Н И К
**од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 април 2025 година**

**Скопје, април 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 април 2025 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседавше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Астрит Осени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерит за јавна администрација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска и Димитар Димоски, претставници од Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи и двајца претставници од Центарот за управување со кризи, Борис Настов, претставник од Јавното претпријатие за државни патишта, Дејан Кошутиќ, генерален директор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД-Скопје и Лазо Узунчев, генерален директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 април 2025 година**

**- Усвојување на Записникот од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2025 година**

1. Информација за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за одржување на Системот за прием на итни повици Е-112

2. Информација за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, за набавка на противпожарна опрема за гаснење пожар на отворен простор-1000 метли и 1000 грбни прскалки-напртњачи

3. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 2 април 2025 година до 8 април 2025 година

4. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради

спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 5 март 2025 година до 11 март 2025 година

5. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина)

6. Барање за финансиска помош за исплата на плати за Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје

7. Информација за потребата од намалување на застој при премин на границата со камиони (зголемен проток на увозен јаглен), за потребите на Подружница РЕК Битола – Новаци

8. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.30/7, КО Теново, КП бр.30/8, КО Теново, КП бр.30/9, КО Теново, КП бр.30/10, КО Теново и КП бр.30/16, КО Теново)

9. Предлог-одлука за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на лицата Елизабета Србиноска, Милан Алексоски и Младен Алексоски

10. Предлог на закон за изменување на Законот за младински додаток

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност

12. Информација по Барање бр.11-1774/1 од 19.3.2025 година од АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост за раскинување на Договор за регулирање на долг бр.11-4526/1 од 20.3.2023 година, склучен помеѓу Министерство за финансии (доверител) и АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост (должник), солемнизиран под ОДУ бр.751/23 од 20.3.2023 година, кај нотар Ана Дојчиновска од Скопје

13. Информација за одржување на Дипломатска конференција за Конвенцијата за Секретаријатот на Европската конференција за цивилно воздухопловство (European Civil Aviation Conference), со прилози и Нацрт-текст на Конвенцијата

14. Предлог-одлука за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална-подземна вода на локалитетот „с.Крушеани“, Општина Кривогаштани

15. Предлог на закон за дополнување на Законот за платите на јавните обвинители

16. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Муслиу против Република Северна Македонија, А.бр. 43315/22

17. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука за подготовка на вежба „LODO 25“ од страна на НАТО корпусот за брзо распоредување – Грција (NRDC-GR), со Предлог – одлука

18. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство, за набавка на опрема и реконструкција на простор за Центар за инфертилитет и асистирана репродукција во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство за периодот 2025 –2026 година

19. Информација за избор на Национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија

20. Кадровски прашања

21. Прашања и предлози

22. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 март 2025 година до 25 март 2025 година

23. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 26 март 2025 година до 1 април 2025 година

24. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 2 април 2025 година до 8 април 2025 година

25. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 16 април 2025 година до 22 април 2025 година

26. Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 19 март 2025 година до 25 март 2025 година

27. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 26 март 2025 година до 1 април 2025 година

28. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 16 април 2025 година до 22 април 2025 година

29. Информација за повеќегодишна јавна набавка за проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево“

30. Информација за измена на вкупниот износ потребен за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје – прва фаза

31. Информација за стратешко партнерство меѓу Република Северна Македонија и Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Декларација

32. Предлог - фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026-2030 година

33. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година

34. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година

35. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година

36. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година

37. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

38. Предлог на закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерското друштво

за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, по скратена постапка

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес

40. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година

41. Информација за претплатата на две реномирани бази на податоци: Web of Science и Scopus

42. Предлог-пограма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година

43. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КО Тетово 2, Општина Тетово)

44. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука за рехабилитација на 15 објекти за физичко образование во основните и средните училишта

45. Информација за „Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација)"

46. Извештај за завршени преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на граничните премини за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) и Прешево (Република Србија), со усогласен текст на Договор

*
*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 април 2025 година и Записникот од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2025 година.

*
*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја одложи од рагледување Информацијата за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за одржување на Системот за прием на итни повици Е-112, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, за набавка на противпожарна опрема за гаснење пожар на отворен простор-1000 метли и 1000 грбни прскалки-напртњачи, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 2 април 2025 година до 8 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период 5 март 2025 година до 11 март 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина).

**Точка 6**

Владата го разгледа Барањето за финансиска помош за исплата на плати за Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, го прифати и го задолжи

Министерството за транспорт во соработка со Министерството за финансии, да ги обезбеди средствата во износ од 90.000.000,00 денари, со прераспределба од одобрениот буџет на Министерството за транспорт за 2025 година.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од намалување на застој при премин на границата со камиони (зголемен проток на увозен јаглен), за потребите на Подружница РЕК Битола – Новаци и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии - Царинска управа и Министерство за внатрешни работи да обезбедат брз проток на товарните возила со јаглен кои поминуваат низ граничниот премин Меџитлија увезени за потребите на работењето Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје што е од национален интерес за државата, на начин што Царинска управа и Министерство за внатрешни работи привремено ќе ги прифаќаат кантарните белешки за товарните возила издадени при утовар во Република Грција како официјален документ за тежината на товарните возила.

2. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, еднаш месечно да врши споредување на кантарните белешки за количината на увезен јаглен издадени од Република Грција со белешките за количината на увезен јаглен пресметани во РЕК „Битила“ и за истото да го информира Министерството за финансии - Царинска управа.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да спроведе итна постапка за јавна набавка на потребната вага за граничниот премин Меџитлија.

Истовремено, Владата заклучи овој начин на функционирање да престане да важи кога ќе се спроведе јавната набавка на вагата и кога истата ќе биде ставена во функција.

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.30/7, КО Теново, КП бр.30/8, КО Теново, КП бр.30/9, КО Теново, КП бр.30/10, КО Теново и КП бр.30/16, КО Теново), за наредната седница на Владата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на лицата Елизабета Србиноска, Милан Алексоски и Младен Алексоски, за

наредната седница на Владата, поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново мислење по материјалот.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за младински додаток, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање бр.11-1774/1 од 19.3.2025 година од АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост за раскинување на Договор за регулирање на долг бр.11-4526/1 од 20.3.2023 година склучен помеѓу Министерство за финансии (доверител) и АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост (должник), солемнизиран под ОДУ бр.751/23 од 20.3.2023 година, кај нотар Ана Дојчиновска од Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии со АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост да склучи спогодба за раскинување на Договорот за регулирање на долг бр.11-4526/1 од 20.3.2023 година, склучен помеѓу Министерството за финансии (доверител) и АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост (должник), солемизиран под ОДУ бр.751/23 од 20.3.2023 година, кај нотар Ана Дојчиновска од Скопје.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Дипломатска конференција за Конвенцијата за Секретаријатот на Европската конференција за цивилно воздухопловство

(European Civil Aviation Conference), со прилози и Нацрт-текст на Конвенцијата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Конвенцијата за Секретаријатот на Европската конференција за цивилно воздухопловство, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија да се придржуваат кон ставовите наведени во Информацијата при водење на преговорите за Конвенцијата за Секретаријатот на Европската конференција за цивилно воздухопловство.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да ги потпише Завршниот акт на Дипломатската конференција и усогласениот текст на Конвенцијата за Секретаријатот на Европската конференција за цивилно воздухопловство, согласно утврдените насоки.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори.

**Точка 14**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална-подземна вода на локалитетот „с.Крушеани“, Општина Кривогаштани, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Владата.

**Точка 15**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за дополнување на Законот за платите на јавните обвинители, поради потребата од дополнителни усогласувања на истиот со Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Секретаријатот за законодавство.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Муслиу против Република Северна Македонија, А.бр. 43315/22 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Муслиу против Северна Македонија А.бр. 43315/22.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантот Муслиу, А.бр. 43315/22, ќе му исплати вкупен износ од 12.550 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот, во предметот Муслиу против Северна Македонија А.бр. 43315/22, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права  со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човеков права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука за подготовка на вежба „LODO 25" од страна на НАТО корпусот за брзо распоредување – Грција (NRDC-GR), со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука за подготовка на вежбата „LODO 25" од страна на НАТО корпусот за брзо распоредување – Грција (NRDC - GR).

2.Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки, согласно своите надлежности утврдени со закон, за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално - технички средства на НАТО корпусот за брзо распоредување – Грција (NRDC-GR) на територијата на Република Северна Македонија.

3.Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата на командно место и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство, за набавка на опрема и реконструкција на простор за Центар за инфертилитет и асистирана репродукција во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство за периодот 2025 –2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 година и 2026 година на Министерството за здравство, за набавка на опрема и реконструкција на простор за Центар за инфертилитет и асистирана репродукција во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство за периодот 2025 –2026 година, во вкупна вредност од 20.000.000,00 денари, без вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

- 1.500.000,00 денари, без вклучен ДДВ за 2025 година и

- 18.500.000,00 денари, без вклучен ДДВ за 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

**Точка 19**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за избор на национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Владата.

**Точка 20**

**1.** Владата ја разреши Милка Тримчевска, од должноста вршител на должноста директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

**2.** Владата ја именува Милка Тримчевска за директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата ја разреши Шпреса Селими, од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

**4.** Владата ја именува Шпреса Селими за заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**5.** Владата ја разреши Наташа Лазарова Донева, од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Струмица.

**6.** Владата ја именува Наташа Лазарова Донева за заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Струмица и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**7.** Владата го разреши Ерол Абдиу, од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола.

**8.** Владата го именува Ерол Абдиу за заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**9.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, ги разреши:

- Ширет Елези,
- Александар Талимџиоски,
- Јасмина Мајстороска,
- Џелил Ахмед и
- Вања Стојановски.

**10.** Владата за членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, ги именува:

-Александар Арсовски, предложен од претседателот на Владата,
- Урим Кроси, предложен од министерот надлежен за работите од областа на економијата,
- Виолета Самарџиска, предложена од министерот надлежен за работите од областа на транспортот и
- Билјана Андова, од Леар Цорпоратион ДООЕЛ Тетово, предложена од корисниците на технолошките индустриски развојни зони.

**11.** Владата го именува Горан Ристов - претставник на основачот за член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом-Неготино.

**12.** Владата ја разреши Марјана Крстева - претставник на основачот, од должноста член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел", Битола.

**13.** Владата ја именува Наташа Размовска - претставник на основачот за член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел", Битола.

**14.** Владата ја именува Анетка Цветковска за член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Иван Георгиев"-Пехчево -претставник на основачот.

**15.** Владата го разреши Емир Шаќири, од должноста член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом -Струга - претставник на основачот.

**16.** Владата ја именува Аријета Белули – претставник на основачот за член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом-Струга.

**17.** Владата ја разреши Надица Апостолоска, од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на ДСУ Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде", Тетово, на нејзино барање поради судир на интереси.

**18.** Владата го именува Михајло Марковиќ за член на Училишниот одбор - претставник на основачот на ДСУ Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде", Тетово.

**19.** Владата ја разреши Весела Честоева, од должноста вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и туризам.

**20.** Владата ја именува Весела Честоева за директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и туризам и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**21.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за медијација, на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас за искажување на интерес за учество во Националниот совет за медијација, за избор на 1 (еден) член во Националниот совет за медијација.

**22.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Битола, ги разреши:

претставници на основачот
- Весна Баковска
- Беким Мемети, поради истек на мандатот

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Наташа Лозановска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Јове Тренчевски.

**23.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Битола, ги именува:

претставници на основачот
- Александар Настевски

- Мирљинда Мазеска

стручен работник од центарот за социјална работа

- Јасмина Тодоровска.

**24.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Берово, ги разреши:

претставници на основачот

- Лилјана Полеска
- Татјана Димитровска

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Лилјана Бојчовска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Соња Пелтековска

од Советот на општината

- Биљана Марковска.

**25.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Берово, ги именува:

претставници на основачот

- Билјана Ѓердовска
- Дејан Пецовски

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Катерина Бошнаковска.

**26.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Виница, ги разреши:

претставници на основачот

- Златко Стефановски
- Тања Митева

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Драгица Рисововска, поради истек на мандатот

од Советот на општината

- Луиза Алексова, поради истек на мандатот.

**27.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Виница, ги именува:

претставници на основачот

- Јордан Кацарски
- Кирчо Ивановски

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Тони Арсов

од Советот на општината

- Благица Ристова.

**28.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес, ги разреши:

претставници на основачот
- Анета Андова
- Маја Хеско

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Тања Маневска

од Советот на општината
- Верица Тодорова Дацева.

**29.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес, ги именува:

претставници на основачот
- Добривое Пауновски

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Тања Таневска.

**30.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Валандово, ги разреши:

претставници на основачот
- Емилија Зафирова Петкова
- Глигор Танчев

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Ефче Зајкова

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Љубица Ѓошева

од Советот на општината
- Стефан Димитров.

**31.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Валандово, ги именува:

претставници на основачот
- Верица Кирова
- Македонка Делева

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Драги Горгиев.

**32.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гостивар, ги разреши:

претставници на основачот

- Берат Изаири, поради истек на мандатот
- Мерсел Садику, поради истек на мандатот

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Виолета Здравкоска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Угрин Шарески.

**33.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гостивар, ги именува:

претставници на основачот

- Вокрим Демири
- Суада Фазлија

стручен работник од центарот за социјална работа

- Добрина Ѓорѓеска.

**34.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гевгелија, ги разреши:

претставници на основачот

- Томе Таушанов
- Владо Ангеловски

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Анита Гошевска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Маја Зафирова

од Советот на општината

- Љубица Карајанова.

**35.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гевгелија, ги именува:

претставници на основачот

- Благица Манасиевска
- Магдалена Тунџева - Николовска

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Сашка Карајанова.

**36.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Дебар, ги разреши:

претставници на основачот

- Африм Кркути
- Авни Дураку

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Линдита Белчишта.

**37.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Дебар, ги именува:

претставници на основачот
- Шејат Ќамилоски

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Арлинда Телиќу.

**38.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Делчево, ги разреши:

претставници на основачот
- Цветанка Петровска
- Димитар Арсов

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Надица Стоименова - Георгиева

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Ивана Лазаревска

од Советот на општината
- Игор Глинџарски, поради истек на мандатот.

**39.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Делчево, ги именува:

претставници на основачот
- Катерина Петровска
- Јасмина Трајановска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Маја Димитрова Златковска.

**40.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Демир Хисар, ги разреши:

претставници на основачот
- Зоран Китановски
- Дејан Петрески

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Ивона Секуловска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Андријана Цветановска

од Советот на општината
- Даниела Крајчевска.
-

**41.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Демир Хисар, ги именува:

претставници на основачот

- Александар Богдановски
- Емилија Попоска

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Јасмина Цветановска.

**42.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кавадарци, ги разреши:

претставници на основачот

- Данче Филипова
- Надица Дамова

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Даниела Јованова Богева

од Советот на општината

- Марија Камчева.

**43.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кавадарци, ги именува:

претставници на основачот

- Благојче Митев
- Ѓошо Кадров

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Вањa Маневска.

**44.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Куманово, ги разреши:

претставници на основачот

- Емилио Божиновски
- Сања Илиќ

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Фљорије Суроји.

**45.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Куманово, ги именува:

претставници на основачот

- Шкумбин Ибраими
- Тоде Цветковски

од Советот на општината

- Фросина Цветковска.

**46.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Кичево, ги разреши:

претставници на основачот
- Ѓорѓија Секулоски
- Анета Настеска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Билјана Блажеска Гускароска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Арлинда Балажи

од Советот на општината
- Мирјета Фетоја.

**47.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Кичево, ги именува:

претставници на основачот
- Лаурета Лимани Спахиу
- Антоанета Лазаревска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Шпреса Асани.

**48.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Крушево, ги разреши:

претставници на основачот
- Весна Илиеска
- Перо Курета

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Љупче Ѓорѓиеска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Далиборка Маркоска

од Советот на општината
- Еленица Љума.

**49.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Крушево, ги именува:

претставници на основачот
- Ведат Зеќири
- Евгенија Петроска Шекреска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Анкица Маркоска.

**50.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кочани, ги разреши:

претставници на основачот
- Љубица Крстова Гоцевска
- Зоранчо Зафиров, поради истек на мандатот

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Наталија Трајчова

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Билјана Христова, поради истек на мандатот.

**51.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кочани, ги именува:

претставници на основачот
- Александра Соколова

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Жана Донева.

**52.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Кратово, ги разреши:

претставници на основачот
- Виолета Апостолова
- Елена Досева

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Димитар Атанасовски

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Златица Димитрова, поради истек на мандатот

од Советот на општината
- Катерина Станковиќ, поради истек на мандатот.

**53.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Кратово, ги именува:

претставници на основачот
- Даниела Тодосова Митевска
- Љубинка Трифуновска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Анита Крстевска Стефанова

од Советот на општината
- Катерина Пешевска.

**54.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Крива Паланка, ги разреши:

претставници на основачот
- Билјана Јанковска

- Љубен Јанакиевски

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Александра Стојановска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Марина Ристовска

од Советот на општината

- Даниела Велковска.

**55.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Крива Паланка, ги именува:

претставници на основачот

- Ненад Стојановски
- Гордана Стојановска

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Даниела Стојмировска.

**56.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Македонски Брод, ги разреши:

претставници на основачот

- Милена Лозаноска
- Радица Димоски

стручен работник од центарот за социјална работа

- Мевлудин Амчоски

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Раско Димоски

од Советот на општината

- Томислав Стојкоски.

**57.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Македонски Брод, ги именува:

претставници на основачот

- Драгиша Цветковски
- Сузана Михајлоска

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Зорица Матеска.

**58.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Неготино, ги разреши:

претставници на основачот

- Митко Најдов
- Радица Маркова

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Наташа Трајковска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Андреа Минова, поради истек на мандатот.

**59.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Неготино, ги именува:

претставници на основачот

- Трендафилка Настова

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Дивна Јованова.

**60.** Владата од должноста вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Охрид, ги разреши:

претставници на основачот

- Виолета Стефаноска
- Гордана Радеска

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Илче Миштакоски

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Сашка Каралиевска

од Советот на општината

- Кети Росиќ.

**61.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Охрид, ги именува:

претставници на основачот

- Џемал Мена
- Билјана Аслимоска

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Радмила Кевереска.

**62.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Прилеп, ги разреши:

претставници на основачот

- Николче Србиноски
- Стефан Андреески

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Димитринка Ѓорѓиоска Цветкоски

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Борче Илиовски

од Советот на општината

- Борче Јанкулоски, поради истек на мандатот.

**63.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Прилеп, ги именува:

претставници на основачот
- Агим Кера
- Робертино Илиоски

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Гордана Велјаноска.

**64.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Пробиштип, ги разреши:

претставници на основачот
- Елизабета Алионовска
- Антонио Јосифовски

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Каролина Кузева

од Советот на општината
- Драгана Јовчевска.

**65.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Пробиштип, ги именува:

претставници на основачот
- Билјана Станојковска
- Сандра Цекова Герасимова

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Ленче Михајловска.

**66.** Владата од должноста членови и вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Ресен, ги разреши:

претставници на основачот
- Лидија Србиновска
- Светлана Ристевска, од вршител на должност член

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Мери Ганиевска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Александра Бумбаровска, од вршител на должност член

од Советот на општината
- Илче Ристевски, од вршител на должност член.

**67.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Ресен, ги именува:

претставници на основачот
- Блерим Бесими
- Лилјана Мицалевска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Емилија Арнаудовски

од Советот на општината
- Илче Ристевски.

**68.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Радовиш, ги разреши:

претставници на основачот
- Игор Ефтимов
- Нина Иванова

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Роберт Донев

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Олгица Јорданова,поради истек на мандатот.

**69.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Радовиш, ги именува:

претставници на основачот
- Наталија Дединец

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Душанка Манчевска

од Советот на општината
- Спасија Ефнушева.

**70.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Струга, ги разреши:

претставници на основачот
- Љубица Јованоска Мижимакоски
- Фадил Шаќири

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Башким Башкими

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Амид Јусуфи, поради истек на мандатот.

**71.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Струга, ги именува:

претставници на основачот
- Илија Мечкароски
- Алија Ќазими

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Вјолца Даути.

**72.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Струмица, ги разреши:

претставници на основачот

- Митко Бујуклиев
- Тања Црвенковска

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Ружица Насковска

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници

- Витка Спасова Ѓузелова

од Советот на општината

- Зоран Буралиев.

**73.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Струмица, ги именува:

претставници на основачот

- Оливера Ангова Гонева
- Марија Настева Џекова

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Верица Мандак.

**74.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Свети Николе, ги разреши:

претставници на основачот

- Боро Димков
- Александра Димова Серафимова

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Наташа Ѓорчева.

**75.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Свети Николе, ги именува:

претставници на основачот

- Ленче Стојанова
- Деспина Цветановска

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Александра Саздевска

од Советот на општината

- Ивана Димитрова.

**76.** Владаа од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Тетово, ги разреши:

претставници на основачот
- Зоран Кировски
- Стојанче Трипуноски

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Слободан Ѓорѓевски

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Фани Јаќимовска, поради истек на мандат.

**77.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Тетово, ги именува:

претставници на основачот
- Ирина Николоска Петроска
- Семир Шабани

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Кујтиме Зеќири.

**78.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Штип, ги разреши:

претставници на основачот
- Александар Велковски
- Емилија Синадинова

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Татјана Вељковиќ

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Зоран Штрков, поради истек на мандатот

од Советот на општината
- Марина Митревска, поради истек на мандатот.

**79.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Штип, ги именува:

претставници на основачот
- Емилија Павловска
- Александар Малинов

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Демирша Османов

од Советот на општината
- Вања Џамбазова Николовска.

**80.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, ги разреши:

претставници на основачот
- Зорка Попова
- Светлана Радевска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Ирена Митровска.

**81.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, ги именува:

претставници на основачот
- Елеонора Милкова
- Омер Ибраими.

*

* *

Владата на Република Северна Македонија, на Седумдесет и првата седница на Владата, одржана на 29 април 2025 година, заклучи:

23. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Битола, ги именува:

претставници на основачот
- Александар Настевски
- Мирљинда Мазеска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Јасмина Тодоровска.

43. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кавадарци, ги именува:

претставници на основачот
- Благојче Митев
- Ѓошо Кадров

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Вања Маневска.

47. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Кичево, ги именува:

претставници на основачот
- Лаурета Лимани Спахиу
- Антоанета Лазаревска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Шпреса Асани.

На 9 мај 2025 година направени се исправки на горенаведените одлуки и тоа:

Во точка 23:
„Во Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Битола бр. 18-4501/1 од 29 април 2025 година, на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.91/25), поради техничка грешка, во точка 2 став 2 алинеа 1 од решението, наместо зборовите „Јасмина Тодоровска", треба да стои „Јасмина Црвенко"."

Во точка 43:
„Во Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кавадарци бр. 18-4511/1 од 29 април 2025 година на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.91/25), по службена должност поради техничка грешка, точка 2 се менува и гласи: „ 2. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кавадарци, се именуваат:

претставници на основачот
- Благојче Митев
- Вања Маневска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Ѓошо Кадров."

Во точка 47:
„Во Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Кичево бр. 18-4513/1 од 29 април 2025 година на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.91/25), поради техничка грешка, точка 2 се менува и гласи: „2. За членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Кичево, се именуваат:

претставници на основачот
- Шпреса Асани
- Антоанета Лазаревска

стручен работник од Центарот за социјална работа
- Лаурета Лимани Спахиу."

*
*      *

**<u>Точка 21</u>**

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за потребата од враќање на повлечените неискористени средства од заемот од Банката за развој при Советот на Европа, наменети за финансирање на проектот за изградба на Регионална клиничка болница-Штип и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за финансии, веднаш да ја извести Банката за развој при Советот на Европа, дека средствата од заемот во износ од 2.437.199 евра ќе бидат еднократно вратени од страна на Министерството за здравство и да побара од Банката да испрати до Министерството за здравство инструкции за уплата на средствата.

2) Се задолжува Министерството за здравство, веднаш по добивање на инструкциите од Банката за развој при Советот на Европа, да ги врати средствата од заемот наведени во заклучокот бр.1.

3) Се задолжува Министерството за здравство, во рок од три дена од враќањето на средствата од заемот на Банката согласно заклучокот бр.2, останатите средства од под сметка во рамки на трезорската сметка бр.190010043478672 со назив Проект за изградба на нов клинички центар во Скопје и Штип, да ги префрли на сметката на Буџет на Република Северна Македонија.

**2.** Владата по повод одбележувањето на 5 Мај – 80 години од кодификација на македонскиот јазик, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ја обезбеди потребната опрема (цветно уредување, говорница, техничка опрема, вода, знамиња и друга опрема) како и превоз за опремата, а за потребите на настанот кој ќе се одржи во Македонскиот народен театар во Скопје.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 5 Мај – 80 години од кодификација на македонскиот јазик.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Одделение за протокол, да подготви листа на гости, покани, агенда и организациски подготовки за протоколарните делови.

4) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да подготви сценарио за целокупното одбележување на настанот и да организира медиумско покривање на истиот.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот на локацијата на која се чествува.

6) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди едно амбулантно возило со медицински тим на настанот на 5 мај 2025 година, од 19 часот кај Македонскиот народен театар во Скопје.

7) Се препорачува на Град Скопје, да обезбеди едно противпожарно возило на 5 мај 2025 година кај Македонскиот народен театар во Скопје од 20 часот.

8) Се укажува на Националната радио-телевизија да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на 5 Мај – 80 години од кодификација на македонскиот јазик, кое ќе се одржи во Македонскиот народен театар, со почеток од 20 часот.

**3.** По повод одбележувањето на 4 Мај – 122 години од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев, Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Делегација од Владата на Република Северна Македонија, во следниот состав:

- проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Влада на Република Северна Македонија,
- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и
- проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука,

да присуствува на положување цвеќе на гробот на македонскиот револуционер Гоце Делчев во црквата Св. Спас на 4 мај 2025 година, во 10:50 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна опрема (цветно уредување, столбчиња, јажиња, материјали, техничка опрема, вода, знамиња и друга опрема), како и превоз за опремата, за потребите на настанот, кој ќе се одржи во црквата Св. Спас во Скопје.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе и да обезбеди превоз за Делегацијата.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 4 Мај – 122 години од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев.

5) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија-Одделение за протокол да подготви листа на гости, агенда и организациски подготовки за протоколарните делови.

6) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија-Одделение за протокол да го организира протоколарното положување на цвеќе на 4 мај 2025 година, во црквата Св. Спас во Скопје, во 10:50 часот.

7) Се задолжува Министерството за одбрана-Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи како и опрема за положување на цвеќе (2 знамиња, венци, 6 држачи за венци, црвена патека и друго) на 4 мај 2025 година во црквата Св. Спас во Скопје, во 10:50 часот.

8) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да подготви сценарио за целокупното одбележување на настанот и да организира медиумско покривање на истиот.

9) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за обезбедување на настанот на локацијата на која се чествува годишнината.

10) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди едно амбулантно возило со медицински тим на настанот на 4 мај 2025 година, во црквата Св. Спас во Скопје, од 9 часот.

11) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди едно противпожарно возило на 4 мај 2025 година во црквата Св. Спас во Скопје, од 9 часот.

12) Се задолжува Националната опера и балет да обезбеди еден изведувач на државната химна на 4 мај 2025 година во црквата Св. Спас во Скопје, во 10:50 часот.

4. Владата ја разгледа Предлог-одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се потврди со Министерството за финансии.

5. Владата ја разгледа Информацијата за потребата од припојување на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот кон Министерството за култура и туризам и притоа ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја усвои Информацијата за потребата од припојување на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот кон Министерството за култура и туризам.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам во рок од 10 дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност и Предлог на закон за престанување на важење на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за култура и туризам, во рок од 30 дена, да ја информира Владата за преземените активности во врска со горенаведеното задолжение.

**Точка 22**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 март 2025 година до 25 март 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 23**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 26 март 2025 година до 1 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 24</u>**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 2 април 2025 година до 8 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија

**<u>Точка 25</u>**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 16 април 2025 година до 22 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 26</u>**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 19 март 2025 година до 25 март 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 27</u>**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на

обезбедувањето на Установата, за период од 26 март 2025 година до 1 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 28**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 16 април 2025 година до 22 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2026, 2027 и 2028 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево" и тоа:

-100.000.000,00 денари за 2025 година, со вклучен ДДВ,
-400.000.000,00 денари за 2026 година, со вклучен ДДВ,
-400.000.000,00 денари за 2027 година, со вклучен ДДВ и
-188.550.000,00 денари за 2028 година, со вклучен ДДВ.

Вкупно: 1.088.550.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните буџетски средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на вкупниот износ потребен за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје – прва фаза и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје , прва фаза, со следнава динамика:

- 162.875.000,00 денари со вклучен ДДВ за 2025 година и
- по 465.428.000,00 денари со вклучен ДДВ за 2026, 2027, 2028, 2029 и 2030 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид овие изменети заклучоци при утврдување на буџетот на Министерството за образование и наука за 2026, 2027, 2028, 2029 и 2030 година.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за стратешко партнерство меѓу Република Северна Македонија и Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Декларација, ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Декларацијата за стратешко партнерство меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Предлог фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2026-2030 година и заклучи дополнително да се утврди основното сценарио и новите иницијативи за финансирање.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 33**

Владата повторно ја разгледа и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.

**Точка 34**

Владата повторно ја разгледа и ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.

**Точка 35**

Владата повторно ја разгледа и ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година.

**Точка 36**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година.

**Точка 37**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлогот на закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Усогласениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а за повереник Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за претплатата на две реномирани бази на податоци: Web of Science и Scopus, ја усвои и го задолжи Министерството за образование и наука, во рок од 30 дена, да склучи договор за пристап до базите на податоци Web of Science и Scopus.

**Точка 42**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КО Тетово 2, Општина Тетово).

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука за рехабилитација на 15 објекти за физичко образование во основните и средните училишта и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издаденото позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 година и 2026 година, на Министерството за образование и наука за реконструкција на 15 објекти за физичко образование во основните и средните училишта и тоа:

- 5.400.000,00 денари од Сметка 637 (за исплата на ДДВ)–расходи од основен буџет во 2025 година, за набавка на градежни работи за реконструкција на 15 објекти за физичко образование во основните и средните училишта;

- 30.000.000,00 денари, без вклучен ДДВ, од Сметка 786–расходи од заем во 2025 година, за набавка на градежни работи за реконструкција на 15 објекти за физичко образование во основните и средните училишта;

- 50.000.000,00 денари, без вклучен ДДВ, од Сметка 785–расходи од грант во 2025 година, за набавка на градежни работи за реконструкција на 15 објекти за физичко образование во основните и средните училишта;

- 1.815.177,00 од Сметка 637 (за исплата на ДДВ)–расходи од основен буџет во 2026 година, за набавка на градежни работи за реконструкција на 15 објекти за физичко образование во основните и средните училишта.

- 10.084.314,00 денари, без вклучен ДДВ, од Сметка 786–расходи од заем во 2026 година, за набавка на градежни работи за реконструкција на 15 објекти за физичко образование во основните и средните училишта и

- 3.821.091,00 денари, без вклучен ДДВ, од Сметка 785–расходи од грант во 2026 година, за набавка на градежни работи за реконструкција на 15 објекти за физичко образование во основните и средните училишта.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за „Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација)", ја усвои и го задолжи Министерството за образование и наука да го објави „Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација)" до 30 април 2025 година на веб - страницата на Министерството за образование и наука.

**Точка 46**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на граничните премини за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) и Прешево (Република Србија), со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на граничните премини за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) и Прешево (Република Србија).

2. Се определува Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на граничните премини за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) и Прешево (Република Србија).

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:00 часот.

| Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| **м-р Хасим Муртезани** | **Љупчо Димовски** |